ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-105/5**

**Дата: 25.02.2013**

ДО

## УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
## ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во понатамошниот текст ФМУ) на сметка на основен буџет, за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година, а за резултатот од финансиските активности за 2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финасиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, ревизијата изрази позитивно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај ФМУ не е извршено усогласување на фактичка состојба утврдена со попис со сметководствената на ден 31.12.2011 година, поради што не се утврдени ни разлики во Извештајот од извршениот попис.

По утврдување на максималниот износ на ододбрени средства од МОН, УКИМ донесува збирен годишен финансиски план по квартали кој не содржи преглед на одобрени средства за единиците во негов состав - факултетите. Поради тоа, ФМУ нема можност да изготви квартални планови за трошење на средствата според реално одобрени средства.
Сметаме за потребно, по донесување на годишниот финансискиот план на УКИМ согласно одобрениот буџет, финансиската служба на универзитетот во соработка со финансиската служба на факултетот да го утврди буџетот по квартали согласно одобрените средства, за да може пореално да ги реализира своите активности во текот на годината.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 5 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на ФМУ - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на „ФМУ“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- проф. м-р Гордана Јосифова Неделковска – декан од 15.09.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на „ФМУ" - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа на нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.10.2012 година до 28.12.2012 година .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.12.2012 година.

Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 17.01.2013 година. Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизијата го утврди следното:

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.1.1. По извршениот попис од страна на пописната комисија во пописните листи не е внесена сметководствената вредност и не се утврдени материјалните разлики на средствата утврдени со физичкиот попис и сметководствената евиденција на ден 31 декември 2011 година, што не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Пописната комисија по извршениот попис, да врши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметковоствената евиденција со фактичката состојба утврдена со попис и да ги утврди евентуалните разлики .

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.1. погоре, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на позициите на материјалните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година поради нецелосно извршување на обврските на пописната комисија како што е уредено со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 3.1. финансискиот извештај Биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Факултетот за музичка уметност - Скопје, сметка на основен буџет (603), на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Факултетот за музичка уметност – Скопје – сметка на основен буџет, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Системски слабости

ФМУ како единица во состав на УКИМ, согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот, располага со свои сметки на кои се водат средствата обезбедени од Буџетот на РМ и средствата стекнати од други извори на финансирање. Во располагањето со овие средства, факултетот во правниот промет настапува самостојно во свое име и за своја сметка, за што води посебно сметководство. Како единица во состав на УКИМ, ФМУ планирањето на потребните финансиски средства го врши преку изготвување на проектирани финансиски планови кои се составен дел на консолидираниот предлог финансиски план на Универзитетот за сите единици во негов состав, кој како единка корисник, го доставува на одобрување до МОН. По утврдување на максималниот износ на одобрени средства од МОН, УКИМ донесува збирен годишен финансиски план по квартали кој не содржи преглед на одобрени средства по факултети. Поради тоа, кварталните планови за трошење на средствата, факултетите ги изготвуваат и доставуваат до УКИМ според проектирани финансиски планови за реализација на средствата. Со оглед дека овој финансиски план не содржи преглед на одобрени средства по факултети, ФМУ нема можност да изготви квартални планови за трошење на средствата според реално одобрени средства. Во пракса ФМУ ги планира своите активности согласно проектираните финансиски планови изготвени по квартали, чија што реализација повремено може да биде отежната доколку соодветни позиции од одобрениот финансиски план на УКИМ се веќе реализирани од другите единици.

Поради тоа сметаме дека е потребно, по донесување на годишниот финансискиот план на УКИМ согласно одобрениот Буџет, финансиската служба на универзитет во соработка со финансиската служба на факултетот да го утврдат буџетот по квартали со цел пореално да можат да ги планират и реализират своите активности во текот на годината.

Скопје, 21.02.2013 година



1. ________________
2. ________________
3. ________________

________________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2011** | | **2010** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 33.815 | | 29.805 |
| **Вкупно приходи** | **33.815** | | **29.805** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 28.792 | | 24.719 |
| Стоки и услуги | 5.023 | | 4.786 |
| **Вкупно тековни расходи** | **33.815** | | **29.505** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 0 | | 300 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | | **300** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | **33.815** | | **29.805** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 2.290 | 2.362 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.290** | **2.362** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 11.404 | 10.701 |
| **Вкупно постојани средства** | **11.404** | **10.701** |
| **Вкупна актива** | **13.694** | **13.063** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.290 | 2.362 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.290** | **2.362** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 11.404 | 10.701 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **11.404** | **10.701** |
| **Вкупна пасива** | **13.694** | **13.063** |

| ПРЕГЛЕД | | | |
|---|---|---|---|
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **10.701** | - | **10.701** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1.772** | - | **1.772** |
| Набавки | - | - | - |
| Даонации | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.772 | - | **1.772** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.069** | - | **1.069** |
| Ревалоризација | 915 | - | **915** |
| Амортизација | 154 | - | **154** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **11.404** | - | **11.404** |